**20160712034**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 април 2016 година.

Бр. 08-2046/1
4 април 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА**

Член 1

Во Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 49/2003, 66/2007, 142/2008, 146/2009, 166/12, 101/15, 152/15 и 55/16), во членот 8 по ставот 2 се додава нов став, 3 кој гласи:

„Принципот на семејно обединување на членовите на потесното семејство на признаен бегалец или лице под субсидијарна заштита може да се оствари по три години од добивањето на правото на азил“.

Ставот 3 станува став 4.

Член 2

По членот 10 се додава нов член 10-а, кој гласи:

„Член 10-а

Безбедна трета земја, држава членка на Европската унија, држава членка на Северноатланска договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА)

Безбедна трета земја, држава членка на Европската унија, држава членка на Северноатланска договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), е држава која ја ратификувала и ги применува одредбите од Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, вклучувајќи ги

стандардите за ефективено правно средство, како и има воспоставена постапка за азил пропишана со Закон и во согласност со Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година.

При примената на институтот безбедна трета земја, држава членка на Европската унија, државата членка на Северноатланската договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), барањето се разгледува поединечно, при што се проценува дали земјата ги исполнува условите од ставот 1 на овој член.

Барањето за признавање право на азил, поднесено од страна на барател кој бара да влезе или незаконски влегол на територијата на Република Македонија, од безбедна трета земја, држава членка на Европската унија, држава членка на Северноатланска договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), ќе се смета за очигледно неосновано барање во согласност со членот 35 од овој Закон, земајќи го во предвид принципот на невраќање од членот 7 од овој Закон.

Барателот на право на азил благовремено ќе биде информиран за примена на институтит безбедна трета земја, држава членка на Европската унија, држава членка на Северноатланска договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), како и можноста за употреба на правно средство.

Секторот за азил на барателот чие барање се смета очигледно неосновано, согласно со членот 35 од овој Закон, ќе му издаде потврда на јазикот на безбедната трета земја, држава членка на Европската унија, членка на Северноатланската договорна организација (НАТО) или држава членка на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), од каде што доаѓа, со која се информираат државните органи на третата земја, дека во Република Македонија барањето не е суштински разгледувано“.

Член 3

Во членот 18 став 3 по зборот „три“ се додава зборот „работни“.

Член 4

Во членот 35 став 1 во алинејата 4 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 5 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„-ако лицето пристигнало од Безбедна трета земја, држава членка на Европската унија или држава членка на Северноатланската договорна организација (НАТО), во согласност со членот 10-а од овој закон.“.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".